Заедно против семејното насилство

Strengthening National Capacities to Prevent Domestic Violence

МТСП

# СООПШТЕНИЕ ДО МЕДИУМИТЕ

## „Иднината денес“ апелира за нови, посреќни почетоци

***Скопје, 7 февруари 2012*** –Ѓулфидан, Рабија, Фатима, и други педесетина жени Ромки од Општина Гази Баба во Скопје не можеа да ги сокријат своите чувства додека го гледаа новиот документарен филм за семејно насилство „Иднината денес“. „Филмот ја отсликува нашата реалност“, велат во хор тие.

Семејното насилство е кривично дело, кое честопати останува скриено во ѕидовите на домот. „Дури и ако се соочиме со семејно насилство, не би зборувале за тоа", вели Сузана, една од учесничките. „Насилникот можеби ќе биде казнет, испратен во затвор, но што ќе се случи кога ќе излезе? Каде ќе одам тогаш?“ Ова е само еден од стравовите и прашањата со кои секојдневно се соочуваат жените жртви на насилство.

Многу од овие прашања беа отворени и објаснети за време на работилницата организирана од страна на Обединетите нации како дел од програмата за борба против семејно насилство. Што е семејно насилство? Како тоа влијае на семејниот живот? Што треба да се направи? Кои механизми постојат за да им се помогне на жртвите?

„Нема оправдание за семејното насилство. Секој заслужува да живее пристоен живот без насилство“, рече Душко Миновски, советник во Министерството за труд и социјална политика. „Нашата земја има воспоставено систем за помош на жртвите на семејно насилство“.

За време на работилниците, жените Ромки добија информации за програмите за економско јакнење жените жртви на насилство имплементирани од страна на Програмата на Обединетите нации за развој (УНДП). Овие програми им помагаат на жртвите да добијат работа, да започнат и водат свој сопствен бизнис или да добијат нови професионални квалификации, кои ќе им овозможат да живеат понезависен и посреќен живот.

За да се подигне свеста за семејното насилство и да се доближат програмите за економско јакнење до жените во локалните заедници, УНДП, во соработка со Скопје филм студио и еден од најпознатите филмски режисери во земјата, Игор Иванов-Изи, го сними документарниот филм „Иднината денес“. Документарниот филм е наменет првенствено за жените Ромки, кои во минатото имаа многу мало учество во програмите за економско јакнење.

Вакви работилници ќе бидат организирани и во ромските населби во Скопје, Прилеп, Куманово, Битола, Тетово, Гостивар и Штип, до март 2012 година, по што документарецот ќе биде промовиран на локалните и националните ТВ станици.

Програмата на Обединетите нации „Зајакнување на националните капацитети за превенција на семејното насилство“ (2008-2012) ги поддржува напорите на Владата за унапредување на услугите за поддршка на жртвите на семејно насилство, што ќе им овозможи да ги направат неопходните промени за да спречат повторно да станат жртви.

Програмата придонесува кон националната политика, поддршка на жртвите и зголемување на јавната свест. Програмата се спроведува од страна на УНДП, УНИЦЕФ, UN Women, УНФПА и СЗО со финансиска поддршка од Владата на Кралството Холандија и на Фондот на Обединетите нации за борба против насилството врз жените.

За повеќе информации, ве молиме контактирајте ја Јелена Јаневска, Координатор за комуникации на Обединетите нации, на jelena.janevska@undp.org, 324 95 71, www.un.org.mk.

